ФАКОМ АД - Скопје
бул. Александар Македонски бр. 18
1000 Скопје
Република Македонија
Поштенски фах: 439

Друштво за проектирање, производство и монтажа на челични конструкции и опрема, увоз-извоз ФАКОМ АД
02-02-2016 год.
Бр. 11-03/151
СКОПЈЕ

QUALITY MANAGEMENT SYSTEM
CERTIFIED BY DNV
ISO 9001:2000

Врз основа на член 21 од Статутот на ФАКОМ АД-Скопје, а во врска со член 385 и член 487 од Законот за трговските друштва, како и врз основа на Одлуката на Управниот Одбор на ФАКОМ АД-Скопје, се објавува :

## ЈАВЕН ПОВИК
**За учество на Собрание на акционери на**
**ФАКОМ, АД-Скопје**

Седницата на Собранието на ФАКОМ АД-Скопје ќе се одржи на 24.02.2016 година (среда) со почеток во 12,00 часот во просториите на Друштвото, бул. Александар Македонски бр.18, Скопје. За Собранието се предлага следниот:

### Дневен ред

**I. Процедурален дел**

1. Отварање на седницата на Собранието;
2. Избор на претседавач на Собрание;
3. Избор на записничар и двајца заверувачи на записник;
4. Избор на бројачи на гласови.

**II. Работен дел**

5. Предлог – Одлука за распределба на дел од нераспределената добивка на Друштвото;
6. Предлог – Одлука за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар.

Право на учество на Собранието имаат акционерите и полномошниците на акционерите.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со образложено барање за вклучување на нови точки во рок од осум дена од денот на објавувањето на јавниот повик по електронски пат на e-mail адресата на друштвото info@fakom.com.mk .

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

На Собранието акционерите на Друштвото може да учествуваат лично или да овластат полномошник да ги застапува со полномошно.

Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Секој акционер или полномошник должен е своето учество да го пријави најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание. Пријавите да се достават до Факом АД –Скопје.

Материјалите за Собранието на Факом АД –Скопје, согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите на увид, од денот на објавување на овој повик, секој работен ден од 12 – 14 часот во просториите на ФАКОМ, АД - Скопје, бул. Александар Македонски бр.18 и на официјалната интернет страница на друштвото www.fakom.com.mk.

**ФАКОМ АД-Скопје**
**УПРАВЕН ОДБОР**